**ПОВИК ЗА УЧЕСНИЦИ**

**На тема GREEN DEAL & WELLBEING**

**Младинска размена во рамки на проектот EUROPEAN CITIZENSHIP ACADEMY**

**Кој Порака Нова го спроведува во соработка со Associação Juvenil de Deão - AJD**

**Во рамки на програмата Еразмус+**

**Детали за патувањето:**

- Датум: 16.09.2024 (денови за патување 16 и 24.09.2024)
- Локација: Viana do Castelo – Portugal
- Буџет: 350 Евра (трошоци надвор од буџетот не се признаваат)
-

**Критериуми за учество:**

- Возраст на учесниците: 18-30 години
- Вештини на учесниците: солидно познавање на англиски јазик, основно познавање на работата на Европската Унија и Зелениот договор
- Активно учество од страна на учесниците
- Поднесување на извештај за настанот до Порака Нова во рок од максимум 7 дена од враќањето од настанот.

**Правила на однесување во текот на патувањето:**

- Учесниците одговорно и достоинствено ја претставуваат Порака Нова пред партнерите и другите учесници.
- Учесниците се обврзуваат активно да учествуваат на работилниците, и не се дозволени отсуства од истите.
- Недозволено е консумирање на алкохол и опојни супстанци во текот на патувањето.
- Недозволено е ризично однесување во текот на патувањето.
- За секое несоодветно и ризично однесување учесникот одговара морално и финансиски пред организаторот на настанот и пред Порака Нова.
- Учесниците се обврзуваат да се грижат едни за други во текот на патувањето, а особено таа улога ја презема лидерот на групата.
- Учесникот сам си го организира превозот, Порака Нова може да асистира во наоѓање на соодветни опции за патување.
- Учесниците треба да имаат до знаење дека ова патување не е на никој начин поврзано со туризам, туку е учество во процес на учење и надградба на себеси. Доколку го третираат како туризам и неодговорно се однесуваат во текот на настанот ќе подлежат на санкции од страна на организацијата која го организира настанот и Порака Нова.

**Трошоци:**

- **Трошоци за сместување:** Сместувањето е покриено во целост од страна на организаторот во периодот од **16** до **24** Септември **2024**. Сите трошоци за сместување надвор од овие датуми се на сметка на учесниците.
- **Трошоци за храна:** Три оброци во текот на денот се покриени во целост од страна на организаторот во периодот од **16** до **24 Септември 2024**. Сите трошоци за храна надвор од овие датуми се на сметка на учесниците. Доколку учесникот не искористи некој од оброците, организаторот нема обврска да му надомести за тоа.
- **Трошоци за превоз:** Учесникот сам ги пред-финансира сите патни трошоци поврзани со патувањето. Порака Нова рефундира врз основа на реален трошок и прикажани патни сметки и бординг карти, максимум до сумата предвидена во проектот (350 Евра). Разликата во патни трошоци над предвидената сума е на сметка на учесникот.
- **Трошоци за здравствено осигурување:** Учесникот сам ги покрива трошоците за здравствено и патничко осигурување.
- **Исклучок:** Патувањето може да вклучува дополнителни два дена пред и два дена после датумите на самиот настан, под условите наведени погоре. Доколку патувањето се одвива надвор од овие датуми патните трошоци не се признаваат.